Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов“, бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

До
Адвокат Златка Денковска
Бул. „Крсте Мисирков“ бр. 2/10, ТЦ Мавровска ламела Ц Центар
1000 Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-54/1
25.5.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер
**Врска:** Барање бр. 03-53/3 од 19.5.2023 година

Почитувана г-а Денковска,

Постапувајќи согласно Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, како прилог на овој допис Ви доставуваме копија верна на оригиналот од Решението за формирање Комисијата за спроведување на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење бр. 02-210/1 од 30.3.2023 година.

Со почит,

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
В. Д. ДИРЕКТОР

м-р Благица Павловска

**Изготвил:** Марија Најдеска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 02-210/1
30-03 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на членот 12 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), Номинацијата бр. 03-95/4 од 9.3.2023 година, Одлуката бр. 02-60/3 од 31.5.2018 година, в.в. со членот 3 ставот 1 алинејата 29 и членот 12 ставот 1 алинејата 7 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), в. д. директорот на Државниот испитен центар донесе:

# РЕШЕНИЕ

***за формирање Комисијата за спроведување на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење***

1. Со ова Решение се формира Испитна Комисија, односно Комисијата за спроведување на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, во состав:

- ***м-р Билјана Михајловска****-претседател (Државен испитен центар);*
- ***Сања Јосифовска****-член (Државен испитен центар);*
- ***вон. проф. д-р Аргтим Салиу****-член (Универзитет „Мајка Тереза"-Скопје);*
- ***доц. д-р Јосиф Петровски****-член (Универзитет „Св. Климент Охридски"-Битола);*
- ***Неџат Сабедини****-член (Министерство за образование и наука),*

и нивните заменици:

- ***Билјана Коцева****-заменик претседател (Државен испитен центар);*
- ***Наим Демири****-заменик член (Државен испитен центар);*
- ***вон. проф. д-р Дитурије Исмаили****-заменик член (Универзитет „Мајка Тереза"-Скопје);*
- ***доц. д-р Весна Стојановска****-заменик член (Универзитет „Св. Климент Охридски"-Битола);*
- ***Сања Јанчева****-заменик член (Министерство за образование и наука).*

2. Испитната комисија има мандат од ***четири години.***

3. Претседателот и членовите на комисијата имаат право на паричен надомест што го определува Управниот одбор на Државниот испитен центар.

Висината на надоместокот е во зависност од бројот на кандидати кои се пријавиле за полагање испит.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Испитот за директор се полага пред Испитна комисија формирана од директорот на Државниот испитен центар.

Испитната комисија се состои од претседател и четири членови. Претседателот и членовите на комисијата имаат свои заменици.

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ
BESNIK I ORIGJINALIT

Претседателот и еден член на Испитната комисија се од редот на вработените во Државниот испитен центар, два члена се од редот на вработените во високообразовните установи, кои имаат најмалку завршено високо образование VII/2 степен или 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областите опфатени со модулите и еден член од Министерство за образование и наука, кој го предлага министерот за образование и наука.

Со оглед на гореизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
В. Д. ДИРЕКТОР

м-р Благица Павловска

Доставено до:

- Именуваните;
- Одделението за нормативно-правни административни и општи работи;
- Одделението за финансиски прашања;
- Одделението за обуки;
- Архивата

ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ
BESNIK I ORIGJINALIT